# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## Од Единаесеттото продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 мај 2001 година

Седницата се одржа во зградата на Собранието, сала 1, со почеток во 14.45 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа пртеници, имаме една процедурална работа.

Имено, г-ѓата Илинка Митрева треба да положи заклетва, како би можела да ја врши функцијата министер за надворешни работи.

Ќе ве молам, господа пратеници да притиснете едно од копчињата за да го утврдиме бројот на присутните пратеници и дали се исполнети условите за работа на Собранието.

Од присутни 83 пратеници, гласале 68 пратеници.

На седницата присуствуваат мнозинството пратеници и констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и Собранието може да продолжи со работа и полноважно да одлучува.

Колеги пратеници, на минатата седница, освен министерот Илинка Митрева, другите членови на Владата положија заклетва.

Затоа сега ја користам оваа прилика и можност да ја повикам г-ѓа Илинка Митрева и таа да положи заклетва. Ве молам да станеме.

"Изјавувам дека функцијата министер за надворешни работи во Владата на Република Македонија, ќе ја вршам совесно и одговорно и ќе се придржувам на Уставот и законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Република Македонија".

Го молам министерот за надворешни работи да ја потпише Свечената изјава.

(Госпоѓата Илинка Митрева ја потпишува Свечената изјава).

На госпоѓата Илинка Митрева и посакувам успешна работа во вршење на оваа функција. Исто така, и на досегашниот вршител на функцијата министер за надворешни работи му честитам и му заблагодарувам за дејствијата што ги превзема.

Колеги пратеници продолжуваме со работа.

Дали некој се јавува процедурално?

Повелете господине Мирчевски Ѕвонко.

**ЅВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани господа министри, почитувани колеги пратеници, почитувани новинари, почитувани граѓани на Република Македонија.

Оваа седница е една од првите седници, кои што ги одржува Собранието на Република Македонија после формирањето на широката коалициона Влада и која што седница треба да покаже дека, еве, имаме, одредени политички премостувања во однос на некои работи кои што во изминатиот период не можеа да се надминат. Точно во тој контекст и денеска пред нас на оваа седница се наоѓа како точка во дневниот ред Законот за одбрана.

На седница на претседателството на Собранието имавме договор, всушност еден заклучок да се обратиме до Владата на Република Македонија и во писмена форма да не извести зад кои законски проекти, кои што беа предмет на работа на минатата Влада застанува оваа Влада, за да може Претседателството на Собранието да ги закажува седниците и да го формира дневниот ред по кој што ќе работи ова Собрание. Така да на минатата седница на Претседателството на Собранието дојде писмо од Владата во кое што бевме известени дека се препорачува за денешната седница дека се прифатливи Законот за одбрана и Националната програма за култура кој што треба денеска да бидат предмет на работа на нашево Собрание.

Денеска, колеги пратеници, пред вас се наоѓа еден информатор со дневен ред кој што е проширен со точки од 69-тата седница, која што беше прекината.

По однос на 56-тата седница на Собранието на Република Македонија кога на дневен ред беше Законот за одбрана, јас како член на Комисијата за внатрешна политика и одбрана учествував активно при разгледувањето на Законот за одбрана и при инкорпорирањето во текстот, кој што го предлагаше Владата на

одредени амандмани и на пленарната седница и на седницата на Комисијата за внатрешна политика и одбрана. Со тие амандмани кои што беа инкорпорирани во Предлог – законот, суштински квалитативно беше многу подобрен предложениот текст на законот, така што со активната наша партиципација на колегите во Комисијата и самата Влада беше на некој начин стимулирана и во два наврати самата предложи повеќе од 20-тина амандмани, кои што добар дел од нив сега се составен дел на овој законски проект, кој што ние денеска треба да го изгласаме. Без разлика што составот на Комисијата за внатрешна политика и одбрана беше составен од пратеници од повеќе пратенички групи и нашите ставови се разидуваа по одредени членови на Законот за одбрана и самото негово ставање како денешна точка на дневен ред, сепак, останаа доста дилеми, имајќи го предвид фактот дека последните седници кога се вршеше расправа по текстот на законот и амандманска расправа, беа доста конфузни, така што имавме некои амандмани кои што беа предлагани да бидат делумно прифаќани од страна на бившиот министер за одбрана, што се тоа кај нас пратениците предизвика одредена конфузија. Исто така, имавме одредени ситуации на седница на Комисијата за внатрешна политика и одбрана одредени амандмани, кои што претходно беа прифатени на пленарна седница, на седница на Комисијата за внатрешна политика и одбрана од страна на Владата на Република Македонија повторно да ни се предлагаат амандмани.

Исто така, факт е дека последно кога се расправало во ова Собрание за Законот за одбрана беше месец ноември. Од ноември до денешен ден 22 мај многу работи во Република Македонија се изменија. Заради тие состојби кои што се случија во Република Македонија, се најде некоја волја кај политичките партии да се направи оваа широка коалициона Влада. Јас како член на ВМРО - Вистинска и како потпретседател на Собранието на Република Македонија, гледам дека сега на оваа седница е присутен новиот министер за одбрана г-динот Бучковски и во однос на овие аспекти за кои што сега расправавме, би сакал да го прашам г-динот министер, дали стои зад овој закон и дали и како ќе имаме можност во однос на тие забелешки кои што ги имавме по овој закон и понатаму да вршиме корекции, заради тоа што безбедносната состојба е таква што сега веќе во овие два-три месеци има и од искуство некои работи што се случуваат на теренот и кои што би можеле да ни бидат искуство и да ги инкорпорираме во овој закон за одбрана.

Јас го замолувам г-динот министер ако може на овие прашања да ни одговори.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Ѕвонко, една е работа што законот дојде до фаза на гласање. Никакви интервенции повеќе од негова содржина не можат да бидат земени предвид, ниту пак да се одлучува. Упатеното прашање до министерот за одбрана дали останува зад предлогот на Владата или не, веројатно, тој ќе одговори и би било пожелно пред самото гласање, само на прашањето дали застанува зад проектот или не. А, ако некој има намера да прави отстапки околу измена на содржината на законот, ќе оди во редовна процедура. Поради ова јас само би го замолил министерот Бучковски накратко да не извести, дали застанува зад предлогот или не пред самото гласање.

Бидејќи имаме процедурално прашање, за збор се јави г. Саво Климовски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас би сакал, прво, да расчистам некои сопствени дилеми, а и процедурално да поставам прашање.

Прво, во саботата добив телеграма со која што беше закажан еден дневен ред по некоја 66-та седница. Утрово добивам друга телеграма во која што велат дека ќе се продолжи по 69-тата седница. Наводно, министрите биле зафатени и Владата не можела да ни испрати свои претставници. Мислам дека овој начин на манипулирање со точките на дневниот ред би требало да престане, затоа што ние воопшто немаме време да се подготвиме и ги добиваме точките на дневен ред непосредно на седницата, што мислам дека не соодветствува на нашиот Деловник и дека создава и отвара простор за голем волунтаризам на претседателството. Ако мисли Претседателството така да ги закажува седниците, како што вака ги закажува, во тој случај ќе направи еден огромен хаос во Собранието.

Второ, пред да се определам да гласам, имам право да кажам зошто и како ќе гласам по оваа точка, и токму тоа сакам да го поставам како прашање. Во фазата кога беа поднесени амандманите

од Социјал демократскиот сојуз, за два амандмани мислев сериозно да дискутирам и да ги поддржам, бидејќи тие навистина беа во насоката на јакнењето на граѓанскиот концепт, на јакнењето на цивилната власт над воените структури и во тој контекст мислам дека тие амандмани требаше денеска да се расправа или Владата да го повлечеше законот и да го пуштеше повторно во формална расправа, да се усвоеја, бидејќи не внесуваа токму тие амандмани во европското семејство во семејството на цивилизираните држави и се разбира за она што претставува НАТО, структурите кон кои што тежнееме. Меѓутоа, затворањето денеска на расправата и гласањето пред мене создава една дилема, дали предлагачите на амандманите, а тоа беа пратеници од Социјал демократскиот сојуз, се разбира дека и СДС е во целина тука, остануваат на тие свои амандмани или кога влегоа во оваа широка Влада го променија своето мислење и сега го прифаќаат оној текст кој што беше понуден како таков, а кој што ги навреди и тие ја напуштија седницата. Мене ми е тоа тотално нејасно и молам и барам тоа прашање да се разјасни, за да знам како да се определам и за што да гласам. Само толку.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Саво, не треба да правам коментар, останува само проблем дали ќе се гласа по утврдениот текст на законот. Тука не треба да интервенирам кај вас за познавање на овој дел на право, меѓутоа, дали сакате да го чуете ставот на СДС околу тоа дали останува при амандманите. Тие амандмани не се предмет на расправа. Сега не би можел да отворам односно да допуштам да отворам расправа

За збор се јави Столе Попов.

**СТОЛЕ ПОПОВ:**

Процедурално, исто така би сакал да укажам на недоследноста и...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ќе ве молам само едно, дали се однесува на процедурална работа или не?

**СТОЛЕ ПОПОВ:**

Процедурално и по однос на дневниот ред на денешната седница.

Сакам да укажам на недоследноста, на не принципиелноста и на големиот степен на манипулација околу формирање на дневниот ред и за денешната седница и во перспектива се отвора можност и понатаму да доаѓаме до такви случаи што, практично се наоѓаме затекнати со ненадејни и ат-хок формирања на точките на дневен ред, така што мислам дека во голема мера ни се одзема правото, навистина, на еден конструктивен начин да можеме да разговараме по одредени проблеми во Собранието, затоа што едноставно во мноштвото точки што се насобраа од заостанати седници, за тоа немаме време. Ако во последен момент се формираат дневните редови, да се подготвиме за седниците.

Поконкретно, исто би сакал да го изразам својот став на, би рекол една огорченост и индигнација како беше направен дневниот ред за оваа седница, кој што во оваа прилика беше исто така ненадејно, како што беше формиран и променет а тоа е на дневен ред на Собранието, значи на пленарна седница да биде ставена точката за разгледување на националната програма за културата, затоа што националната програма сеуште не е помината на дневен ред на Комисијата за култура. Таа е закажана за во четврток, а инаку беше на денешниот дневен ред и беше поместена. Така што, тоа укажува на една сериозна, би рекол непринципиелност во постапувањето на претседателството, поточно на претседателот на Парламентот. Затоа што, колку што се сеќавам, држејќи се до силните принципи претседателот на Парламентот онаа точка на дневен ред, ако се сеќавате, кога беше околу случајот за прислушување, беше избегнувано тој случај и таа точка да биде ставена на дневниот ред на пленарна седница токму од причини што не беше помината на Комисијата. Така што, тука гледам, навистина, едно евидентно отстапување од принципот и од методите кои што ги наметнува и самиот Правилник за работа на Собранието. Навистина со индигнација го отфрлам тој начин на работење на претседателот на Собранието и би сакал да обрнам внимание дека навистина мора да го почитува и правилникот и да се држи до еден метод на кооперативност со претседателите на Комисиите при закажување на информирањето на дневниот ред на Собранието за седниците. Значи, тоа е едната работа.

Втората работа, бидејќи навистина сме затекнати сега во една ситуација на практично затворен дневен ред, затоа што беа исцрпени расправите по амандманите за точката за

Законот за народна одбрана, би сакал да го искажам својот став дека ако не ни се овозможи расправа по одредени точки и амандмани, кој што во претходната расправа кога беше, ние имавме сериозна намера како Демократска алтернатива да ги поддржиме амандманите кои што се однесуваа точно, практично, на цивилниот карактер на општеството и државата во контекст на Законот за народна одбрана, поточно во делот каде што требаше да се оствари цивилно влијание во работата и одлучување на Генерал штабот и тој амандман кој што беше поднесен од страна на тогашната опозиција, мислевме навистина да го поддржиме, а сега навистина принципиелни причини, иако законот во другите сегменти, во другите делови го поддржуваме, бидејќи се ставаме во една ваква ситуација мислам дека ќе се усогласиме Демократска алтернатива да гласаме воздржано во однос на Законот за одбрана.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

По однос на точката за националната програма имаме писмо од министерот, во негово отсуство нема да расправаме за ова што значи тука нема што да го прифаќаме вашиот приговор, така да кажам процедурален и за наредната седница, всушност за наредниот термин ќе расправаме. Тоа е едно.

Второ, по однос на амандмани нема што да расправаме.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине потпретседателе, јас сакам да го искористам своето деловничко право да кажам како ќе се изјаснам по Законот за одбрана.

И покрај мојата голема желба да бидам еден од тие пратеници што ќе го подржат Законот за одбрана, јас во оваа ситуација не ќе можам тоа да го направам, затоа што не по своја вина сум доведен во таква позиција во неможност да подржам проект кој е битен за Република Македонија, кој ги средува нормативно односите во одбраната и кој на некој начин значи проекција за идниот можен развој на АРМ и вкупно одбранбените сегменти. Нема да го подржам овој проект од следните причини: имено, Владата, актуелната Влада на Република Македонија, после изборот на 13 овој месец, популарно наречена "Влада за национално единство на Република Македонија", односно Кабинетот на премиерот на господинот Љубчо Георгиевски после два дена од изборот на таа Влада, поточно на 15 мај оваа година, излезен е еден акт од Кабинетот со кој се овозможува вработување на одредени партиски војници од Изборната единица од која сум избран јас. Се работи за 60 луѓе, поодделно во Министерствата за здравство, односно во Психијатриската болница, во Здравствениот дом, во Министерството за образование, односно во трите подрачни основни училишта, осумгодишни училишта во Смилево, Демир Хисар и Сопотница од Министерството за локална самоуправа во општините во органите, администрацијата на локалната самоуправа во Општина Демир Хисар и Сопотница, од Министерството за транспорт и врски, од Министерството за одбрана и други министерства кои се под директна надлежност на актуелната власт.

Со оглед на ваквиот криминален чин кој во таа средина предизвика дополнителни тензии покрај постојните актуелни безбедносни тензии кои постојат, очигледно дека оваа Влада и понатаму делува во разнебитување и поделба, спротивставувањето на граѓаните во Република Македонија. Јас сум доведен во таква позиција да и проекти кои се позитивни излезени од оваа Влада и помината е процедурата во ова Собрание, неможам да поддржам и такви проекти. Некој со право ќе го постави прашањето што има врска Предлогот на Законот за одбрана во врска со ваквиот криминален акт на Владата. Има, и тоа има длабока врска, од причини што ако со еден ваков закон кој треба да се донесе во Република Македонија се нивелираат односите во сегментот на одбраната и безбедноста во Република Македонија, тогаш и секојдневните однесувања и во другите сфери на Владата на Република Македонија особено на нејзиниот челник на господинот премиер Љубчо Георгиевски, со оглед дека ваквиот криминален акт е излезен од неговиот Кабинет, бидат во сообразност со општите начела на однесување на оваа Влада, да престане со своето криминално однесување. Јас немам мандат, со оглед дека сум биран на мнозинската листа конкретно од тие граѓани таму, да при вакво анационално разнебитување со конкретни секојдневни акти на оваа Влада да можам да поддржувам нејзини проекти.

За мојата понатамошна позиција во овој Парламент, или евентуално за мојот престанок на мандатот по волја и на гласачите од таа изборна единица, ќе дозволам извесен период од 10 - 15 дена доколку оваа Влада престане со такви криминални однесувања на разнебитување и поделба на граѓаните на теренот, тогаш јас ќе продолжам да ја поддржувам. Доколку не, моето место ќе го отстапам на некој на кој ќе му прилега да поддржува таква криминална Влада.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот пратеник Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине потпретседател, дами и господа, јас би сакал накусо да се обратам до Собранието како мислам да гласам по овој закон и исто така да споделам со вас некои од своите погледи. Претставничкиот дом цела година, ако не и малку повеќе или помалку, трокира. Ние дебатата по овој закон ја завршивме пред 6 или 8 месеци. Некои од амандманите што тогашната опозиција ги предлагаше и заслужија да бидат поддржани, но независно од се како што е текстот вреди да биде час поскоро изгласан. Подобрувања се можни и понатаму. Но, ние треба од порано да си кажеме едни на други каква штета е нанесена па и на безбедносен аспект на насока држава со тоа што тактизирајќи и гласањето по овој закон беше одложено толку долго. Денеска мислам дека е сосема јасно императивот овој закон да биде изгласан. Квалитетот на Владата, или пак на нејзините постапки може да биде предмет на осудување, а јас сметам дека тоа е и наша должност. Само 10-тина години на ред Парламентот ја занемарува контролната функција, на некој начин не е дури ниту второкласен, или би било пофалба за себе ако кажеме дека ние сме од втората лига. Ние ни таму не сме. Но, за тоа ќе можеме друг пат да отвориме расправа. Мене малку ме трогна, ме доболи тоа што колегата претходен говорник Стојановски кажа дека размислува да го положи мандатот за некој друг да дојде кој евентуално подобро би се справувал со ваквата Влада, да не го користам неговиот поим. Јас мислам дека излезот не е во тоа, туку излезот е во тоа Парламентот конечно да стане Парламент.

Јас го поддржувам законот каков што е и ќе гласам за него и се надевам дека ќе имаме над 80 гласови.

**ВЛАДО БУЧКОВСКИ:**

Почитуван господин потпретседател, почитувани пратеници, ќе се обидам кратко да одговорам на прашањето. Најпрвин дали како министер за одбрана стојам зад овој законски проект.

Секако дека стојам, бидејќи сериозно се зафативме со оваа работа и политичката партија која ме предложи на оваа работа има сериозни намери нешто во оваа држава да поправиме. Тоа значи дека дел од договорот за формирање на оваа нова владина коалиција беше и однесувањето за овој закон. Согласно принципот за владеење на правото, ние неможеме да ја вратиме амандманската расправа назад, но, се договоривме по евентуалното позитивно изгласување на овој закон да почне редовна процедура за оние спорни прашања со евентуални измени и дополнувања да се доправи овој текст. Инаку, и оној амандман што во меѓувреме Владата го поднесе заради направената техничка грешка во членот 154 го повлекуваме и евентуалните измени ќе ги направиме во иднина со закон за измени и дополнувања на овој законски проект.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:**

Господине потпретседателе, почитувани пратеници, големата коалиција во Парламентот ја направивме за надминување на безбедносните состојби во Република Македонија, а исто така и за заустатување на некои негативни токови кои се одвиваат на поширок план во државата. Една таква коалиција во која што влегоа практично сите парламентарни партии во државата носи со себе и одредени обврски и одредено однесување. А тоа значи дека ние тука во Парламентот треба да расправаме, треба да поднесуваме амандмани, меѓутоа, на крајот треба да ги донесуваме законите со консензус, барем така е во светот, така е во теоријата, во праксата итн. Меѓутоа, некои процеси за ова време како е формирана коалицијата се одвиваат кои со надвор од нашите договарања и кои се надвор од она што

треба да биде. И може сите тие процеси да ја доведат во прашање работата на Парламентот за кое што зборуваше и господинот пратеник Наќе Стојановски. Затоа треба под итно парламентарните партии во Парламентот, кои што учествуваат во оваа широка коалиција да се договорат за поедини дејствија кои крајно негативно се одвиваат. Тоа е по прашањето на вработување, по прашање на многу конкурси, по прашањето на приватизацијата и многу други работи за да не доаѓа до раскол во Парламентот, а тоа значи до пропаѓање на таа голема коалиција. Јас молам во тој поглед да се направи една таква средба на која ќе се договорат и принципите на кои што ќе опстојува оваа широка коалиција. А Парламентот да може да ја обавува својата улога во една таква состојба во која што практично нема опозиција. Тука читам дека Демократска алтернатива се претставува како опозиција. Меѓутоа, јас кога се формираше големата коалиција имав прилика да слушнам дека тие ја поддржуваат Владата, дека ќе соработуваат, а не кажаа тогаш дека ќе се однесуваат опозиционо. Сметам дека нивното делување е во правец на ова за кое што јас зборувам и дека во тој поглед треба претходно да се постигнуваат договори по сите прашања и тука со консензус да ги донесуваме законите. Инаку, нема да функционира големата коалиција.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Господине потпретседател, членови на Влада, дами и господа пратеници.

Прво, веднаш да демантирам дека пратеничката група на ДА не се декларирала како опозиција. Ова како една реплика на господинот Иванов. Во моето образложение тогаш по повод изборот на Владата ние кажавме дека ќе дадеме поддршка на Владата, меѓутоа, се деклариравме како опозициона партија, што значи дека сите оние потези на Владата кои не се во интерес на државата Република Македонија ние ќе ги критикуваме.

Сега би сакал нешто околу она што е процедура, го спомнаа повеќе пратеници. На координацијата испаѓа се договараме едно за дневниот ред на седниците, а потоа во пракса се случува друго. Навистина недозволива пракса, бидејќи претседателот на Собранието господинот Андов не извести како координатори дека упатил писмо до Владата, со кое Владата ќе се изјасни по заостанатите да речам законски проекти по оние седници кои се прекинати, што со нив, каква ќе биде нивната судбина, дали тие продолжуваат во процедура, дали некои од нив ќе бидат стопирани, или ќе следат нови итн. Единствено писмено барање на Владата беше за Законот за одбрана и Националната стратегија за култура. И сега наеднаш денес гледаме дневен ред со 20-тина, 30 точки, кои воопшто не беа договорени. Тоа ни создава проблем на нас пратениците, бидејќи се договараме за еден тек на седницата, за еден дневен ред, а денеска сме информирани дека имаме сосема друг дневен ред.

Второ, оној проблем кој го спомна господинот Наќе и господинот Иванов, околу вработувањето. Последните информации и во Битола зборуваат дека на голема врата се вработуваат луѓе со партиски книшки. Само да се потсетиме дека до пред малку време се зборуваше за превработеност во државната администрација и отпуштање на вработени. Да не спомнуваме за проблемот со приватизација кој галопирачки продолжува во оваа држава. Мислам дека новата Влада треба под итно да постави еден мораториум на приватизацијата, додека не се среди состојбата и додека не може тој процес да биде контролиран. Вака сето тоа изгледа на лов во матно. И сега уште во името на пратеничката група на ДА да кажам како ќе гласаме по однос на Законот за одбрана. Законот за одбрана е системски закон и закон кој треба да егзистира во едно подолго време во иднина, како тенденција за прием на Република Македонија во НАТО структурите. На ваков начин може да се случи токму овој закон да биде пречка за прием, или истиот ќе треба да се менува во доменот на цивилната контрола врз Генерал штабот од страна на Собранието што е суштинска одлика на цивилите и демократски општества. Тоа е суштината на цивилното владеење врз воените структури во една демократска

држава. Токму тука и беа интервенциите со амандмани кои ги бараше опозицијата, особено СДСМ и сега е нејасно реферирањето во поглед на ова суштинско прашање. Министерот не уверува дека после изгласувањето на законот, веднаш ќе се интервенира со измени и дополнувања на истиот закон во овој поглед. Меѓутоа, се поставува прашањето со оглед на тоа што на мониторот видовме колку пратеници има. Што ако законот денес не помине? Тогаш по процедура ќе треба да чекаме подолго време за да може повторно да дојде на гласање во Собранието. Значи, направена е некаква грешка во од, што ќе создаде голем проблем.

Да не зборуваме за ставот на тогашната опозиција, која овој закон го врзуваше со пакетот на изборното законодавство. Засега немаме најава за припрема на ново изборно законодавство.

И уште да кажам дека Законот за одбрана директно нема да ја подобри безбедносната ситуација во Република Македонија, тоа треба да се каже јавно, бидејќи не е директно врзан со ситуацијата во која Република Македонија во моментов се наоѓа. Ние и натаму даваме комплетна поддршка на Владата во справувањето со безбедносната ситуација во државата. Меѓутоа, токму заради забелешките, а особено онаа за цивилната контрола врз Генерал штабот во овој закон, ние по овој закон ќе гласаме воздржано.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани членови на Владата, почитувани колеги пратеници, пратеничката група на Нова Демократија ќе гласа за овој закон, затоа што сметаме дека во овој момент е повеќе од потребно овој закон да биде донесен, а понатаму доколку се оцени дека одредени негови сегменти ќе бидат пречка за она за што зборуваа моите колеги пратеници може да се исправат во редовна процедура. Меѓутоа, сметаме дека во овој момент е повеќе од неопходно овој закон да биде донесен, затоа што и пред Меѓународната заедница ќе покажеме дека навистина сме на задачата, за што всушност и беше формирана оваа голема или широка коалиција.

Уште еднаш ќе повторам, пратеничката група на Нова демократија ќе гласа за овој закон.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Процедурално за збор се јави г-динот Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, ќе зборувам процедурално, што значи воопшто не го користам правото како ќе гласам.

Сакам да ве потсетам дека законот за кој што говориме е закон кој за да биде изгласан на ова Собрание е потребно двотретинско мнозинство, значи минимум 80 пратеници да гласаат "за".

На почетокот на седницата вие побаравте присутните да ги притиснат копчињата на системот за гласање и да го евидентираат своето присуство. Ако не се лажам, бројката беше 68.

Би сакал да ве потсетам елементарен пристап во оваа ситуација е овој закон да се стави на изјаснување и тогаш од страна на пратениците да се користи деловничкото право да се изјаснуваат дали ќе гласаат за или против од едни или други причини, тогаш кога ќе бидат создадени елементарни можности за проодност на тој закон, а тоа е минимум повеќе од 80 присутни пратеници во салата.

Од тие причини, би ве замолил да се констатира бројот на присутни пратеници, не картички туку присутни пратеници, ако се констатира дека тој број е под 80 оваа точка да се симне од дневен ред од денешната седница и тогаш кога ќе бидат исполнети елементарните предуслови да се навратиме на оваа точка. Се разбира, тогаш секој ќе има можност да го користи деловничкото право и да ги искаже своите аргументи дали ќе гласа за или против од едни или други причини.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине Бранко, кога се гласаше ја видовте бројката на екранот.

Меѓутоа, со г-ѓата секретар ги избројавме и беа 81 внатре и затоа така продолживме.

Колеги пратеници, бидете внатре во салата. Навистина, според нашето броење се случува во еден момент да има толку пратеници, па потоа да се намали. Сметав дека ќе се надмине правото пратениците да се искажат кој како ќе гласа, па потоа на чинот на гласање да бидат сите присутни.

Има збор г-динот Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, членови на Владата, дами и г-да пратеници.

Го користам деловничкото право да се изјаснам по Законот пред чинот на гласање и во името на партијата ВМРО - Вистинска да кажам некои наши забелешки и наш став по ова прашање.

Како прво би ве потсетил сите на самата постапка која беше во врска со Законот и неговото изгласување, мислам доаѓање до чинот на гласање. Постапката беше доста контраверзна и беше спроведувана во времето кога дел од пратеничките групи што сега партиципираат во власта не ни учествуваа заради бојкотот што беше како политички чин во однос на претходната Влада. Самиот закон беше доста нестручно даден од страна на Владата, што само зборува за него, веќе се прифатени над 60 амандмани, од кои дел се и од самата Влада, со што се покажа дека имаше еден голем несериозен однос од претходниот министер кој најверојатно бавејќи се со други работи во Министерството за одбрана го заборавил она што се вика легислатива за да го регулира ова многу битно прашање, еден системски закон кој што особено сега во состојбата во која се наоѓа Република Македонија покажува значење за него, за неговата потреба, а особено за неговиот квалитет. Ние имавме сериозни забелешки во однос на самиот Закон, но ќе го почитувам ставот од сегашниот министер г-дин Бучковски кој пред сите нас зема обврска дека во најбрз рок ќе помине на промена на истиот Закон, со што се надевам дека и нашите забелешки кои ги има во форма на амандмани ќе ги земе предвид, а ценејќи ја ситуацијата во која се наоѓаме и со овие резерви, ние ќе го поддржиме Законот и се надеваме дека самиот г-дин Бучковски ќе ги каже роковите во кои дефинитивно ќе се помине на промена на истиот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-да, некои пратеници кажаа како ќе гласаат, меѓутоа, сеуште има пријавени за тоа. Во моментот на нивното завршување ќе го изброиме бројот на присутните пратеници во салата и тогаш ќе видиме како ќе гласаме. Предлогот на г-динот Бранко Црвенковски да се симне од дневен ред, треба со гласање да биде, но веројатно мислеше да се одложи, а не да се симне од дневен ред. Грешка е во терминот.

Има збор г-динот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-дине потпретседателе, почитувани колеги, и пратеничката група на ПДП денес уште еднаш расправаше во врска со тоа како ќе гласа за Законот за одбрана.

Со самиот факт дека заврши амандманската расправа и во дел од тие амандмани успеавме со другите колеги пратеници нешто да се исправи во тоа што значи квалитет на Законот, денеска мислиме дека се работи за закон кој навистина не приближува до доктрината и стандардите на НАТО и тоа е голем императив за нас, а можеби и еден од главните императиви што се одлучуваме позитивно да одговориме на еден ваков закон.

Исто така, нашите забелешки и понатаму стојат и ќе стојат во однос на тоа како се применуваат законите и како се применува постојниот Закон за одбрана. И понатаму ќе инсистираме како партија и пратеничка група законот кој веројатно денес ќе се изгласа да се спроведува и да се применува како што е, а со тоа ќе инсистираме понатаму на поголема цивилна контрола врз тоа што значи АРМ односно Армија на Република Македонија.

Исто така, го задржуваме правото понатаму во од, односно во самите активности околу тоа каква ќе биде позицијата на граѓаните, се разбира и албанци и на граѓаните од другите националности во АРМ, односно во Законот за одбрана, значи, ќе настојуваме да го задржиме правото за натамошни измени и дополнувања на Законот.

Денес како пратеничка група се определуваме да гласаме за законот за одбрана, за кој веќе е завршена и амандманската расправа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Повторно за збор се јавува г-динот Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Повторно се јавувам процедурално и практично за една реплика.

Слушајќи го нашиот координатор на Пратеничката група на ДА, кој воедно е и член како координатор на претседателството на Собранието, сега ми падна во очи неговото кажување дека практично Владата инсистирала на приоритет на овие две точки за денешната седница. Тоа беа точките за Законот за одбрана и за Националната програма на културата. Бидејќи не знаев дека тоа е така дека инсистираме и е даден приоритет, би сакал да апелирам на довчерашните

опозиционери, бидејќи сега се наоѓаат во составот на Владата, застапувајќи ги и држејќи се за големите принципи кои тие ги поставуваа во изминатиот временски период, да покренат иницијатива и да дадат приоритет на првата наредна седница на Собранието на РМ, да се најдат точките за случајот прислушување и за безбедносната состојба во земјата. Затоа што колку што можев да запамтам во овие две изминати години, г-динот Црвенковски постојано инсистираше на тоа дека ја научил лекцијата и дека опозицијата останува со народот, па би сакал само да го потсетам СДСМ дека за народот сеуште се најприоритетни прашањата на демократијата, демократските процеси и прашањето на државата, опстанокот на државата.

Ја замолувам довчерашната опозиција, сега учесник во Владата да даде иницијатива како приоритет, на наредната седница, да се најдат овие две прашања.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, придржувајте се до дневниот ред.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Повторно се јавувам за збор процедурално г-дине Стојановски.

Вие треба да констатирате во еден момент дали се исполнети условите за пристапување кон чинот на гласање за Законот за одбрана. Ако не се исполнети, во тој случај не е моментот да се искажуваат пратениците дали ќе гласаат за или против со аргументи, бидејќи едноставно точката - да го искористам вашиот термин - треба да се одложи за некоја наредна прилика. Мислам дека треба директно кон тоа да се пристапи. Тогаш кога ќе бидат исполнети условите тогаш пратениците ќе ги даваат своите аргументи за или против, се изјаснување или не се изјаснуваме.

Инаку, што се однесува во принципите на СДСМ, кон нив сме се придржувале и кога сме биле во опозиција и сега кога сме дел од оваа Влада на национално, политичко или државно единство исто така до крај ќе се придржување и  нека не бидат загрижени оние кои многу почесто ги менуваат ставовите околу принципиелноста на СДСМ.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Според броењето имаме кворум.

Има збор г-динот Димитар Батковски, а по неговото завршување ќе ги повикам сите за гласање.

**ДИМИТАР БАТКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, почитувани пратеници, во оваа прилика сакам да истакнам дека ние треба да изгласаме еден многу значаен закон кој за нашата држава претставува важен чекор кон интегрирањето на европските структури и во структурите на НАТО.

Во оваа прилика би истакнал дека ние како пратеници ако бевме на висина на нашата задача кога ја избравме оваа сегашна актуелна Влада, сега овие дискусии кои досега ги слушавме ми се чини дека одат во прилог на тоа дека ние како Парламент сега како да се враќаме назад. Сметам дека ние после изборот на оваа Влада како пратеници со оваа прва седница, ми се чини го полагаме првиот испит многу важен и многу значаен.

Во таа смисла, мојот апел до сите пратеници е тој испит да го положиме онака како што го положивме и при изборот на Владата.

На крајот би сакал да кажам дека сесрдно ќе го поддржам овој закон и ќе гласам за неговото донесување.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ги молам службите да ги пребројат физички присутните пратеници, а ги молам пратениците што се надвор од салата да влезат во салата.

(По пребројувањето).

Во салата се присутни 79 пратеници.

Ве молам, има ли смисла, во ходникот има пратеници, а тука имаме 79 присутни пратеници.

Бидејќи имаше доста приговори во однос на една или друга процедура, дали претседателот правилно постапил што го проширил дневниот ред...

(Сугестии од некои пратеници во салата).

Имаме 79 присутни пратеници.

Во овој момент ја прекинувам Педесет и шестата седница на Собранието на РМ.

Сега треба да продолжиме со Шеесет и деветата седница на Собранието.

(Реакции).

Г-да пратеници, има едно противење, па затоа и оваа седница ја одлагам за 29 мај 2001 година во 11,00 часот.

Ја прекинувам седницата.

(Седницата прекина во 15,45 часот).